Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
Бр.-Nr. 05-3157/1
29.07.2025 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија – Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore,
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut – Shkup

# БИЗНИС ПЛАН
## На Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје
## ЗА 2025 ГОДИНА

# СОДРЖИНА


- МИСИЈА
- ВИЗИЈА
- ВОВЕД
- ПЛАНИРАНИ ИНДИКАТОРИ НА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2025 ГОД.
- ПРИСТАП ДО ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
- ВОЗЕН РЕД И ОБЕМ НА ПЛАНИРАН СООБРАЌАЈ
- ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ВРАБОТЕНИ
- ПРОГРАМА ЗА ИНВЕСТИЦИИ 2025 ГОД.
- ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА 2025 ГОД.

- РАЗВОЕН ДЕЛ НА БИЗНИС ПЛАНОТ 2025 – 2029 ГОД.

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## ВИЗИЈА

- Меѓународна соработка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје преку Европската асоцијација на претпријатија за железничката инфраструктура;
- Усогласување на развојот на железничката инфраструктура со развојот на останатите превози во транспортниот сектор во Република Северна Македонија;
- Модернизација и ремонт на постојната железничка инфраструктура;
- Изградба на нова железничка инфраструктура;
- Воспоставување интегрирана телекомуникациска мрежа на целата територија на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје
- Воспоставување стабилен извор за финансирање на постојната железничка инфраструктура;
- Маркетиншка стратегија за привлекување нови железнички оператори;

## МИСИЈА

1. Целосна имплементација на директивите на Европската Унија, како и имплементација на Законот за железнички систем и Законот за сигурност во железничкиот систем.
2. Афирмација на следниве параметри:
   - Квалитет,
   - Сигурност,
   - Безбедност,
   - Комерцијални услуги за пристап кон железничката инфраструктура,
   - Меѓународни стандарди (UIC, RNE, OTIF).

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## ВОВЕД

**Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје врши управување, изградба, реконструкција ремонт, одржување, заштита на железничка инфраструктура, врши организирање и регулирање на железничкиот сообраќај и раководење со системите за регулирање и безбедност.**

Железничката мрежа во РСМ е составен дел на мрежата на Пан-Европските коридори:

- **патен и железнички Коридор 10:** Атина - Солун - Скопје - Ниш - Белград – Загреб – Љубљана – Салзбург;
- **патен и железнички Коридор 10д**: Велес – Битола – Флорина – Аминтао/ Каламбака – Јоанина – Игуменица/ Солун и
- **патен и железнички Коридор 8**: Драч – Тирана – Ќафасан – Кичево – Скопје – Крива Паланка – Гуешево – Софија – Пловдив – Стара Загора – Варна/Бургас. (недоизграден, во тек е реконструкција и рехабилитација на пругата Куманово-Бељаковци и реконструкција и изградба на делницата Бељаковце-Крива Паланка).

Во Република Северна Македонија е потребно железничката мрежа да се развива во насока да овозможи задоволување на конкуренцијата која се јавува меѓу коридорите на соседните земји и пошироко.

Преку целосна примена на Директивите на Европската Унија и имплементацијата на Законот за железнички систем и Законот за сигурност во железничкиот систем, железничката инфраструктура треба да обезбеди безбеден и сигурен начин на одвивање на патничкиот и товарниот сообраќај. Тоа значи перманентно вложување во тековното и инвестиционото одржување на железничката инфраструктура и развој со инвестициони вложувања за подигање на техничкото ниво кое ќе значи поголем квалитет, сигурност, безбедност, заштита на животната средина и доближување до европските стандарди .

Бизнис планот за 2025 год. е поставен врз реална основа и има развојна компонента изразена преку реализација на рехабилитација на постојната железничка инфраструктура на коридор 10 и реконструкција и изградба на нова пруга на Коридорот 8 источен дел.

## БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## Планирани индикатори на работењето за 2025 година

| | Индикатори на работењето | Планирано 2025 година |
|---|---|---|
| 1 | Возни километри во патничкиот сообраќај | 922,67 (илјади возни километри) |
| 2 | Возни километри во товарниот сообраќај | 748,83 (илјади возни километри) |
| 3 | Возни километри во локомотивскиот сообраќај | 146,22 (илјади возни километри) |
| | Вкупно возни километри | 1,817,72 |
| 4 | Вработени на крај на година вклучувајќи ги и вработени на одредено време | 763 |
| 5 | Продуктивност (илјада возни километри/број на вработени) | 2,38 |
| 6 | Инвестиции | 4,416,43 (мил.денари) |
| 7 | Вкупни приходи | 1,326,81 (мил.денари) |
| 8 | Вкупни расходи | -1,694,71 (мил.денари) |
| 9 | Загуба по оданочување | -367,90 (мил.денари) |
| 10 | Добивка/загуба минус амортизација редовна и грантовска амортизација) | 244,20 (182,10+62,10) (мил.денари) |
| 11 | Економичност (вкупни приходи/вкупни расходи) | 0,78 |
| 12 | Работен коефициент (оперативни расходи минус амортизација/оперативни приходи) | 0,85 |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## ПРИСТАП ДО ЖЕЛЕЗНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Согласно со Законот за железнички систем ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје изработи **Објава на мрежата за 2025 година**, (Одлука бр. 0201-4903/6 од 08.11.2024 година) која кореспондира со Возниот ред 2024/2025 година, а е во согласност со *Директивата 2012/34/ ЕУ на Европскиот парламент* и предвидените стандарди на RAIL NET EUROPE (Асоцијација на европски железнички инфраструктурни претпријатија основана од страна на Европската унија).

Објавата на мрежа за 2025 година содржи:

1. Општи информации - целта на издавањето на Објавата на мрежа

2. Услови за пристап кон железничката инфраструктура - информации за условите кои треба да ги исполнат железничките превозници за пристап до железничката инфраструктура.

3. Општи информации за железничка мрежа - обем на расположивата мрежа, опис на мрежата, географска идентификација, вид на пруги и широчина на колосеци, станици и јазли, карактеристики на инфраструктурата и други технички карактеристики.

4. Доделување на капацитети – постапка за нарачки за траси и рокови, доделување на инфраструктурни капацитети, начин на координација, решавање на спорови и др.

5. Услуги – кои можат да се добијат на железничката инфраструктурна мрежа во Република Северна Македонија.

6. Надоместоци – видови на надоместоци, одредување на висината на надоместокот, цени, начин на пресметување на надоместоците.

Со Законот за железнички систем одредени се нормативите за пристапот до железничката инфраструктура со кој на превозниците кои имаат дозвола за јавен превоз и сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз, Управителот на железничката инфраструктура може да им одобри пристап до истата, по претходно склучен договор за пристап.

При изготвувањето на актите на Управителот на инфраструктурата во делот на пристапот кон железничката инфраструктура, имплементирани се *Директивата 2012/34/ ЕУ на Европскиот парламент и Регулативата на комисијата (ЕУ) 2015/909.* Управниот одбор на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје донесе Одлука бр. 0201-4903/10 од 08.11.2024 година за утврдување на висината на надоместокот за користење на железничката инфраструктура, со што ја донесе Тарифата за минимален пакет на услуги, пристап по пруга до услужните објекти, користење на услужни објекти, дополнителни и помошни услуги за 2025 година и надоместок за некористење на траси на возови и резервација на факултативни траси.

Тарифата за 2025 година е изработена врз основа на предложената методологија изработена од страна на Консултантската куќа „Реалистик“, при што пресметката на трошоците на железничката инфраструктура, односно цените за користењето на железничката инфраструктура, користена е методата на директни трошоци и земени се

во предвид просечните директни единечни трошоци за возен километар и нивното моделирање (модулација), со цел да се земат во предвид различните степени на абење и искористеност на железничката инфраструктура во согласност со следните параметри:

- видови на возови;
- маса на возот;
- брзина на возот и
- електрифицирана или неелектрифицирана пруга

И покрај што во моментот на железничкиот пазар опстојува само еден железнички превозник, ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје и понатака ќе настојува кон подобрување на квалитетот на постојните инфраструктурните услуги и изнаоѓање на нови услуги, следејќи ги барањата и потребите на железничките превозници, корисниците на превозните услуги како и други заинтересирани страни во насока на движењето на европските трендови. Со сето претходно се планира да се постигне зголемување на интересот на јавноста за вршење на превоз со железници, односно да се зголеми интересот кај домашните и странски правни лица за користење на железничкиот превоз а со тоа да се зголеми и користењето на инфраструктурните капацитети.

Во врска со претходно наведеното ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје изработува и „ОПИС НА УСЛУЖЕН ОБЈЕКТ МУЛТИМОДАЛЕН ТЕРМИНАЛ ВО СТАНИЦА СКОПЈЕ ТОВАРНА 2025 “ , со време на важење на возниот ред за 2024/2025 година, каде предвиде постапки и критериуми кои треба да ги исполни барател за да има пристап до услужни објекти, согласно Регулативата на Комисијата за спроведување (ЕУ) 2017/2177 од 22 ноември 2017 година за пристап до услужни објекти и услуги поврзани со железницата (Текст со важност за ЕЕА).

## ВОЗЕН РЕД И ОБЕМ НА ПЛАНИРАН СООБРАЌАЈ ВО 2025 ГОДИНА

Согласно со Законот за железнички систем, возниот ред е акт на Управителот на железничката инфраструктура со кој се утврдува планираниот сообраќај на возовите за јавен превоз на патници и стока, како и капацитетите за одржување на пругата. Подлога за изработка на возниот ред е : состојба на пругата, на станичните колосеци, состојбата на СС и ТК уредите, способноста на пругата во поглед на пропусна и превозна моќ и способноста на станиците во поглед на пропусна моќ и способноста за преработка.

Врз основа на обемот и планот за превоз на патници и стока на железничките превозници, нивните влечни капацитети и капацитетите во патничкиот и товарниот колски парк, од страна на барателот се изработуваат барања за доделување на инфраструктурен капацитет во вид на нарачка на траса поднесени од баратели. Правото на поднесување на барањето за доделување на инфраструктурниот капацитет во вид на нарачка за траса го имаат по правило еднаш годишно, како и во другите рокови

објавени во Објавата на мрежа на ЈП ЖРСМ Инфраструктура - Скопје, а кои се согласно предвидените рокови со Директивата 2012/34/ ЕУ и стандардите на Rail Net Europe.

Изработениот возен ред за 2024/2025 е резултат на барањата за доделување на инфраструктурни капацитети од страна на единствениот превозник во моментот ЖРСМ Транспорт АД Скопје, преку нарачки на траси ( согласно член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за жел.систем Службен весник број 187/24 од 6 Септември 2024 година, јавен железнички превоз на патници и стока може да врши домашно или странско правно лице по пристапувањето на Република Северна Македонија во ЕУ.)

Земајќи ги во предвид извршените нарачки на траси од страна на железничкиот превозник ЖРСМ Транспорт АД Скопје, за 2025 година во однос на реализираната 2024 година се очекува подобрување во патничкиот сообраќај, со оглед на тоа што во 2024 година имаше несообраќање на возови поради технички дефекти и откажани траси кои се планира да се надминат во 2025 година. Во 2024 година не сообраќаа возовите на релациите: Скопје -Приштина - Скопје, Скопје – Кочани - Скопје, Скопје - Кичево- Скопје и Скопје - Табановци – Скопје, додека за Возен ред 2024/2025 дополнително се планирани траси за возови на релациите: Скопје – Кочани - Скопје, Скопје - Кичево-Скопје. Во товарниот сообраќај се планира зголемување на обемот на сообраќај поради очекуваното подобрување на стопанските активности во 2025 година.

| Вид на сообраќај | Остварени возни км. (во 000) 2024 год. Проценка. | Планирани возни км. (во 000) вкалкулирани во пресметката за 2025 год. | Индекс |
|---|---|---|---|
| Патнички сообраќај | 574,85 | 922,67 | 160,51 |
| Товарен сообраќај | 296,96 | 748,84 | 252,17 |
| Локомотивски сообраќај | 75,29 | 146,22 | 194,21 |
| Вкупно: | 947,10 | 1.817,72 | 191,92 |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## Финансиски план за вработените за 2025 година

на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на

Република Северна Македонија-Скопје

На 31.12.2024 година во Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје бројот на вработени ќе изнесува 763 работника вработени на неопределено време и 10 вработени на определено. Во текот на на 2024 година има одлив на 72 вработени и 39 нови вработувања на неопределено време.

Во текот на 2025 година согласно законските прописи ќе има одлив на 60 вработени. Воедно, во текот на 2025 година за потребите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје се планира вработување на 60 работника на неопределено време и минимални 3 неопходни унапредувања.

Новите вработувања се со цел на минимално ниво на непречено одвивање на технолошкиот процес на работата, иако потребата од нови вработувања е далеку поголема, со оглед на тоа што години наназад континуирано се намалува бројот на вработени, бидејќи одливот на вработени е далеку поголем од приливот.

На крајот од 2025 година бројот на вработени ќе изнесува 763 вработени на неопределено време и 10 вработени на определено време.

**Табела на одлив и прилив на вработени во ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје во 2025**

| ОПИС | Одлив | Прилив | Број на вработени на неопределено време на крај на месец | Број на вработени на определено време на крај на месец |
|---|---|---|---|---|
| На 31.12.2024 год. бројот на вработени изнесува 763 на неопределено време ( вклучен директор и зам.директор) | | | | |
| Јануари | 7 | | 756 | 10 |
| Февруари | 5 | | 751 | 10 |
| Март | 6 | | 745 | 10 |
| Април | 2 | | 743 | 10 |
| Мај | 2 | 60 | 801 | 10 |
| Јуни | 9 | | 792 | 10 |
| Јули | 4 | | 788 | 10 |
| Август | 4 | | 784 | 10 |
| Септември | 6 | | 778 | 10 |
| Октомври | 4 | | 774 | 10 |
| Ноември | 4 | | 770 | 10 |
| Декември | 7 | | 763 | 10 |
| **Вкупно:** | 60 | 60 | 763 | 10 |

| Вработени на неопределено време по кфалификациона структура | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | ВРАБОТЕНИ | ОДЛИВ | ПРИЛИВ | ВРАБОТЕНИ |
| | 31.12.2024 | 2025 | 2025 | 31.12.2025 |
| I-1 (НКВ) | 60 | 5 | | 55 |
| II (ПКВ) | 16 | 2 | | 14 |
| III (КВ) | 104 | 15 | | 89 |
| IV (ССС) | 363 | 27 | 52 | 388 |
| V (ВКВ) | 74 | 7 | | 67 |
| VI (Виша) | 13 | 1 | | 12 |
| VII-1 (ВСС) | 112 | 3 | 8 | 117 |
| VII-2 (Магистер) | 21 | 0 | | 21 |
| VIII-1 (Доктор) | 0 | 0 | | 0 |
| Вкупно: | 763 | 60 | 60 | 763 |

**Одлив и прилив на вработени 2020-2024**

| Година | одлив | прилив |
|---|---|---|
| 2020 | 50 | 23 |
| 2021 | 61 | 40 |
| 2022 | 97 | 40 |
| 2023 | 82 | 41 |
| 2024 | 72 | 39 |
| **Вкупно** | **362** | **183** |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## П Л А Т И

Платите и надоместоците на плата во претпријатието се пресметуваат и исплатуваат врз основа на : Законот за исплата на плати на Република Северна Македонија, Законот за извршување на буџет на РСМ, Општиот Колективен Договор за Јавен сектор и Колективниот Договор на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

Потребната маса на плати за вкупните вработени на неопределено време во 2025 година ќе изнесува 576.454.746 денари и 7.938.220 денари за вработени на определено време.

Стартната основа за пресметката на платата е планираната маса на плата за месец декември 2024 година. Понатаму за секој месец во текот на 2025 година посебно се прави пресметка во зависност од масата на плата која од една страна се намалува согласно намалениот број на вработени, или пак се зголемува во зависност од предвидените зголемувања на бројот на вработени. Масата на плата за 2025 година е зголемена пред се заради новите 39 вработувања кои се планирани да се реализираат во текот на месец декември 2024 година ,усогласувањето со минималната плата во месец март 2024 година ,зголемените проценти на додатоците на плата на вработените согласно новиот колективен договор на јавен сектор донесен во јули 2024 година , зголемувањето на бруто платите на вработените во претпријатието за 0,7% започнувајќи со исплата на платата за месец септември 2024 година кое се рефлектира во зголемувањето на вкупната маса на плата за 2025 година како и предвидениот пораст на минималната плата од месец март 2025 година

За новите вработувања е направена пресметка во зависност од планираната стручна подготовка и сложеност на работното место.

За новопримените 60 вработени во текот на 2025 година и планираните унапредувања потребните финансиски средства за плати (бруто) ќе изнесуваат вкупно 21.038.498 денари. Во прилог кон планот на вработувања се доставени прилози со квантитативни податоци за дополнителен финансиски ефект кој евентуално би произлегол од една страна од преостанати финансиски средства за бруто плата доколку планираните пензионирани работници би останале да работат во текот на цела 2025 година, а тоа е износ од 21.048.460 денари (како заштеда) како и потребни финансиски средства за новите вработувања и унапредувања а тоа е износ од 21.038.498 денари. Подоле во табела 2 е прикажан рекапитулар за финансиските импликации на претпријатието по месеци од кој може да се види дека средствата што би се издвоиле доколку пензионираните работници работат во текот на 2025 година се доволни за обезбедување на платите на новопримените работници и планираните унапредувања.

Вкупните потребни финансиски средства се вклучени во вкупниот износ на планираната маса на бруто плата за 2025 година.

## Таб.1. Планирани средства за бруто плати за 2025 година

| Период | реализирани средства за бруто плати до август 2024 година и планирани до крајот на 2024 | | | | планирани средства за бруто плати 2025 година | | | | Одлив/прилив во 2025 година | | планирани средства за ангажирање лица/Закон за трансформација во редовен работен однос (тековна година) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | неопределено работно време | | определено време/АПВ | | | | | |
| | износ (во ден) | број на лица | износ (во ден) | број на лица | износ (во ден) | број на лица | износ (во ден) | број на лица | одлив | Прилив (15.08) | износ (во ден) | број на лица |
| јануари | 42.398.414 | 790 | | | 45.773.000 | 756 | 640000 | 10 | 7 | | | |
| февруари | 40.069.070 | 783 | | | 43.783.210 | 751 | 620600 | 10 | 5 | | | |
| март | 44.808.058 | 773 | | | 45.677.316 | 745 | 639920 | 10 | 6 | | | |
| април | 44.378.697 | 766 | | | 47.031.460 | 743 | 666400 | 10 | 2 | | | |
| мај | 46.425.275 | 765 | | | 49.486.460 | 801 | 680300 | 10 | 2 | 60 | | |
| јуни | 45.076.878 | 758 | | | 51.071.125 | 792 | 680500 | 10 | 9 | | | |
| јули | 42.221.856 | 746 | | | 49.410.000 | 788 | 665000 | 10 | 4 | | | |
| август | 43.050.003 | 742 | | | 49.788.800 | 784 | 678000 | 10 | 4 | | | |
| септември | 42.836.108 | 738 | | | 49.492.600 | 778 | 673000 | 10 | 6 | | | |
| октомври | 43.683.304 | 733 | | | 48.943.300 | 774 | 670000 | 10 | 4 | | | |
| ноември | 43.367.960 | 730 | | | 48.150.900 | 770 | 661000 | 10 | 4 | | | |
| декември | 46.203.800 | 763 | 660.592 | 10 | 47.846.575 | 763 | 663500 | 10 | 7 | | | |
| вкупно | 524.519.423 | | 660.592 | 10 | 576.454.746 | 763 | 7.938.220 | 10 | 60 | 60 | | |

* Во бројот на вработени е вклучено и раководното лице на ЈП ЖРСМ Инфраструктура т.е директорот и заменик директорот (заради пресметка на потребната вкупна маса на бруто плати ), додека во Годишниот план за вработување (согласно Методологијата за изработка)во вкупниот број не влегува раководното лице т.е директорот и заменик директорот на претпријатието)

**Таб.2. Финансиски ефект од планирани нови вработувања и унапредувања наспроти пензионирања во 2025**

(рекапитулар по месеци и кумулатив)

| месеци | Заштеда на финансиски средства од одлив на работници во 2025* | Потребни финансиски средства за нови вработувања | Потребни дополнителни финансиски средства за унапредувања | Финансиска импликација по месеци | Финансиска имликација по месеци-кумулатив |
|---|---|---|---|---|---|
| јануари | +133.922 | | | +133.922 | 133.922 |
| февруари | +560.468 | | | +560.468 | 694.390 |
| март | +959.211 | | -22.442 | +936.769 | 1.631.159 |
| април | +1.058.537 | | -22.442 | 1.036.095 | 2.667.254 |
| мај | +1.256.463 | -1.387,608 | -22.442 | -153.587 | 2.513.667 |
| јуни | +1.675.174 | -2.775.210 | -22.442 | -1.122.478 | 1.391.189 |
| јули | +1.941.451 | -2.775.210 | -22.442 | -856.201 | 534.988 |
| август | +2.263.027 | -2.775.210 | -22.442 | -534.625 | 363 |
| септември | +2.660.279 | -2.775.210 | -22.442 | -137.373 | -137.010 |
| октомври | +2.754.497 | -2.775.210 | -22.442 | -43.155 | -180.165 |
| ноември | +2.818.726 | -2.775.210 | -22.442 | +21.074 | -159.091 |
| декември | +2.966.705 | -2.775.210 | -22.442 | +169.053 | **+9.962** |
| вкупно | **+21.048.460** | **-20.814.078** | **-224.420** | **+9.962** | |

* финансиски средства за бруто плата која би требало да се обезбеди за пензионираните работници доколку истите би останале до крајот на 2025 година како заштеда по месеци

## ВРАБОТЕНИ
## ВРЗ ОСНОВА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРУКТУРА

*Табела: Вработени, врз основа на националната структура*

| дирекција/подружница | Македонци | Албанци | Срби | Турци | Роми | Власи | Други националности | Вкупно: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Дирекција** | 97 | 45 | 3 | 1 | 0 | 3 | 1 | **150** |
| % | 64.7 | 30.0 | 2.0 | 0.7 | 0.0 | 2.0 | 1.0 | 100 |
| **Сектор Сообраќај** | 201 | 14 | 9 | 1 | 1 | 0 | 6 | **232** |
| % | 86.6 | 6.0 | 3.9 | 0.4 | 0.4 | 0.0 | 2.6 | 100 |
| **Сектор ЕТП** | 87 | 3 | 6 | 0 | 0 | 1 | 0 | **97** |
| % | 89.7 | 3.1 | 6.2 | 0.0 | 0.0 | 1.0 | 0.0 | 100 |
| **Сектор ЗОП** | 174 | 50 | 8 | 1 | 5 | 2 | 1 | **241** |
| % | 72.2 | 20.7 | 3.3 | 0.4 | 2.1 | 0.8 | 0.4 | 100 |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## Инвестициона програма за период 2025 год. (на cash основа)

Во периодот **2025** година се планирани инвестиции во железничката инфраструктура во вкупен износ од **71,81 милиони евра**, односно **4,416,44 милиони денари**. Инвестиционите активности во главно ќе бидат наменети за реконструкција и изградба на коридор 8 (источен дел), реконструкција и надградба на постоечка траса со цел реализација на Проектот "Градски воз", набавка на ТМД и други специјални машини за одржување на железничката инфраструктура. Останатите инвестиции вклучуваат набавка на опрема за ЕТ постројки, консултански услуги за изработка и ревизија на техничка документација , набавка на опрема и слично. Исто така и инвестиции за модернизација на АПБ, Телекоманда и Алтернативна мрежа за пренос на податоци.

| | Вкупно инвестиции за 2025 | (во мил.евра) | (во мил.ден) | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Заеми 2025<br>( планирано проширување) | 27,31<br>7,28 | 1679,45<br>447,99 | 38,03<br>10,14 |
| 2 | Грантови | 26.77 | 1646.60 | 37.28 |
| 3 | Буџетска наменска сметка | 0.72 | 44.00 | 1.00 |
| 3.1 | Буџет 2025 | 8.34 | 513.00 | 11.62 |
| 4 | Сопствени средства | 1.39 | 85.40 | 1.93 |
| | Вкупно | 71.81 | 4,416.44 | 100.00 |



# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## Инвестициона програма за период 2025 год. (на cash основа)

Во периодот **2025** година се планирани инвестиции во железничката инфраструктура во вкупен износ од **71,81 милиони евра**, односно **4,416,44 милиони денари**. Инвестиционите активности во главно ќе бидат наменети за реконструкција и изградба на коридор 8 (источен дел), реконструкција и надградба на постоечка траса со цел реализација на Проектот "Градски воз", набавка на ТМД и други специјални машини за одржување на железничката инфраструктура. Останатите инвестиции вклучуваат набавка на опрема за ЕТ постројки, консултански услуги за изработка и ревизија на техничка документација , набавка на опрема и слично. Исто така и инвестиции за модернизација на АПБ, Телекоманда и Алтернативна мрежа за пренос на податоци.

| | Вкупно инвестиции за 2025 | (во мил.евра) | (во мил.ден) | % |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Заеми 2025<br>( планирано проширување) | 27,31<br>7,28 | 1679,45<br>447,99 | 38,03<br>10,14 |
| 2 | Грантови | 26.77 | 1646.60 | 37.28 |
| 3 | Буџетска наменска сметка | 0.72 | 44.00 | 1.00 |
| 3.1 | Буџет 2025 | 8.34 | 513.00 | 11.62 |
| 4 | Сопствени средства | 1.39 | 85.40 | 1.93 |
| | Вкупно | 71.81 | 4,416.44 | 100.00 |



# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## Инвестициона програма

### Вкупна вредност за 2025 година 4,416,434,723денари

### Инвестициона програма за 2025 година (на cash основа)

| Р. бр | Проект | Вкупна вредност ден. | досегашна реализација | Статус/% на фин. реализација | предвидени средства за 2025 (ден.) | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **I. ГРАДБА И ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА** | | | | | |
| 1 | Реконструкција на пругата на делница Куманово-Бељаковци 1 фаза(од кои 2,067,771,809 ден од Заем 1 исплатени на Вибе) | 2,700,741,670 | 2,700,741,670 | 100.00 | | Заем ЕБОР фаза 1 |
| | | 2,124,781,465 | 1,600,772,943 | 75.34 | 524,008,522 | Заем ЕБОР фаза 2 |
| 2 | Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка, L=34 km.вредност на проектот 9,487,929,868ден. се средства од заем ЕБОР од кои 4,195,800,028 ден. се од ГРАНТ ЕБОР | 5,292,129,840 | 1,332,775,189 | 25.18 | 1,509,673,953 | Заем ЕБОР фаза 3 |
| | | 4,195,800,000 | 1,204,774,864 | 28.71 | 1,590,494,510 | Грант ЕБОР VBIF |
| 3 | Надзор на пруга Куманово-Бељаковци К.Паланка 295,2мил.ден.плус 165 мил.ден за 2026г,планирани средства од обезбеден Заем ЕБОР фаза 2 | 276,210,000 | 16,946,674 | 6.14 | 93,753,326 | Заем ЕБОР фаза 2 |
| | | 184,500,000 | 184,500,000 | 100.00 | | Грант ЕБОР VBIF |
| 4 | Експропријација на на пруга Бељаковци К.Паланка со адвокатски и др.трошоци) | 66,632,241 | 65,632,241 | 98.50 | 1,000,000 | буџетска сметка |
| 5 | Експропријација на пруга Крива Паланка гр.со Р.Бугарија(со др.трошоци) | 153,257,707 | 70,257,707 | 45.84 | 43,000,000 | буџетска сметка |
| 6 | Изградба на пруга Крива Паланка гр.со Р.Бугарија -техн.помош во износ од 230,522,000ден.(3748325ЕУР) | 230,522,000 | | | 56,104,412 | Грант |
| 7 | Реконструкција и надградба на постоечка траса со цел реализација на Проект градски воз | 360,000,000 | | | 360,000,000 | буџет |
| | **ВКУПНО (ден)** | **15,584,574,923** | **7,176,401,288** | | **4,178,034,723** | |
| | **II. МЕХАНИЗАЦИЈА И ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА** | | | | | |
| 8 | Набавка на механизација | | | | 123,000,000 | буџет |
| 9 | Набавка на ситна механизација | | | | 2,500,000 | сопствени |
| 10 | Набавка на возила | | | | 900,000 | сопствени |
| | **ВКУПНО (ден)** | | | | **126,400,000** | |
| | **III. ОПРЕМА** | | | | | |
| 11 | Резервно напојување на ЕТ постројки(стационирани батерии) | | | | 10,000,000 | сопствени |
| 12 | Пренапонска заштита | | | | 2,000,000 | сопствени |
| 13 | Проширување на систем за видео надзор | | | | 6,000,000 | сопствени |
| 14 | Информатичка опрема-лиценци | | | | 3,300,000 | сопствени |
| 15 | Безжично поврзување на систем за преносни податоци | | | | 1,000,000 | сопствени |
| 16 | Контакти за патни премини | | | | 1,000,000 | сопствени |
| 17 | Електронски статички претворувачи | | | | 2,000,000 | сопствени |
| 18 | Набавка на УПС уреди | | | | 1,500,000 | сопствени |
| 19 | Прекинувачи 110кв/25кв | | | | 4,000,000 | сопствени |
| 20 | ИП телефонија и ИТ мрежа | | | | 2,000,000 | сопствени |
| 21 | Набавка на ваги | | | | 1,500,000 | сопствени |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 22 | Реконструкција на дел од станичен простор за музеј | | 600,000 | сопствени |
| 23 | Модернизација на АПБ | | 15,600,000 | буџет |
| 24 | Надградба и модернизација на софтвер и хардвер на Телекоманда со потребна документација | | 13,200,000 | буџет |
| 25 | Алтернативна мрежа за пренос на податоци на Коридор X и Коридор XД со потребна документација | | 1,200,000 | буџет |
| 26 | Систем на евиденција на работно време | | 500,000 | сопствени |
| 27 | Набавка на мерни инструменти | | 2,400,000 | сопствени |
| 28 | Останата опрема за жел.инфраструктура | | 3,200,000 | сопствени |
| | **ВКУПНО (ден)** | | **71,000,000** | |
| | **IV. ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | | |
| 29 | Консултантски услуги, проектирање, ревизија на проекти и елаборати за експропријација | | 41,000,000 | сопствени |
| | **ВКУПНО СЕ: (ден)** | | **4,416,434,723** | |
| 1 | **Заеми 2025** | | 2,127,435,801 | 48.17 |
| 2 | **Грантови** | | 1,646,598,922 | 37.28 |
| 3 | **Буџетска (наменска) сметка** | | 44,000,000 | 1.00 |
| 3.1 | **Буџет 2025** | | 513,000,000 | 11.62 |
| 4 | **Сопствени средства** | | 85,400,000 | 1.93 |
| | **ВКУПНО СЕ: (ден)** | | **4,416,434,723** | **100.00** |

# I. ГРАДБА И ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА
## ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ КОРИДОР 8

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Реконструкција на пругата на делница Куманово-Бељаковци L=30,9км - 1 фаза | Вредност на проектот (градба) | 2,700,741,670 (заем фаза1) 2,124,781,465 (заем фаза2) | ден. |
| | Досегашна финансиска реализација (градба) | 2,700,741,670 (заем фаза1) 1,600,772,943 (заем фаза2) | ден. |
| | Планирано 2025 | 524,008,522 | ден. |

Во 2022 година склучен е Договор со нов изведувач со цел продолжување на работите за реконструкција и рехабилитација на пругата Куманово-Бељаковци.На ден 25.12. 2024 година издадена е Потврда од страна на Надзорниот инжинер за превземање на работите на Проектот(Taking-Over Certificate). Тоа значи дека проектот е успешно реализиран, а употребна дозвола ќе се издаде на почетокот на 2025 година.

Во 2025 година .Во почетокот на 2025 година ќе се исплатат завршните времени ситуации и ќе се врати гарантниот депозит задджуван континуирано по времени ситуации.

Со реализација на овој проект се изврши рехабилитација на постојната пруга преку подобрување на техничките карактеристики на пругата, изградба на горен строј на делот од Ново Куманово до ст.Бељаковци, изградба на нов мост на реката Пчиња;

изградба на нови надвозници и подвозници, инсталирање на кабелски водови и огради; поставување безбедносни бариери и заштита од бука и вибрации; поставување на нови сигнално - сигурносни уреди ETCS ниво 1, изградба на три железнички станици Куманово Ново, Шупљи Камен и Бељаковце како и 6 стојалишта во Лопате, Перо Чичо, Проевце, Доброшане, Клечовце и Довезанце. Средствата за реконструкција на оваа делница беа обезбедени по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.
Рок за реализација заклучно со 2025 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2. Изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка, L=34 km.вредност на проектот 9,487,929,868ден. се средства од заем ЕБОР од кои 4,195,800,028 ден. се од Грант (ЕБОР) WBIF** | **Вредност на проектот** | **9,487,929,868** | **ден.** |
| | **финансиска реализација со** 31.12.2024 **Заем Ебор фаза 2** | **1,332,775,189** | **ден.** |
| | **финансиска реализација** 31.12.2024 **Грант Грант (ЕБОР) WBIF** | **1,204,774,864** | **ден.** |
| | **Планирано 2025 Заем Ебор 2 фаза** | **1,509,673,953** | **ден.** |
| | **Планирано 2025 Грант (ЕБОР) WBIF** | **1,590,494,510** | **ден.** |

Во 2022 година е склучен договор за отпочнување на работите за изградба на пругата Бељаковце-Крива Паланка во вкупна проценета вредност на проектот од околу 155 мил.евра. Оваа делница е со должина од 34 километри кои се протегаат воглавно на ридско – планински предел. За неа има изработено основен проект од фирмата Обермаер – Австрија и обезбедени се финансиски средства дел од заем од ЕБРД и дел Грант средства од програмата WBIF во вредност од 68 милиони евра. На оваа делница предвидени се две железнички станици во Кратово и Гиновце како и три стојалишта. Како позначајни објекти што треба да се изведат на оваа делница се 15 (петнаесет) тунела со вкупна должина од 3,5 километри и 29 ( дваесет и девет ) мостови, подвозници и надвозници со вкупна должина од 4,6 километри.
Досегашна финансиска реализација со средства:
-од Заем Ебор фаза 2 реализирано е 25,18% од проектот, и
-од Грант Ебор WBIF реализирани се 28,71%.
За реализација на проектот изградба на нова и реконструкција на постојната делница Бељаковце-Крива Паланка за 2025 година согласно акциониот план на изведувачот се планирани средства во износ од 1,509,673,953 денари(1061 мил. ден плус 448 мил.ден проширување ) од Заем Ебор за 2 фаза и 1,590,494,510денари од Грант (ЕБОР) WBIF.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. Надзор на градба на делни ца Куманово-Бељаковци-Крива Паланка, 295,200,000 ден. плус 165,510,000мил.ден.** | **Вредност на проектот** | **295,200,000** | **ден.** |
| | **Досегашна реализаци ја од: Заем Ебор 2 фаза** | **16,946,674** | **ден.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **за 2026година, планирани средства од обезбеден Заем ЕБОР фаза 2** | **Планирано од Грант (ЕБОР) WBIF во 2025** | **93,753,326** | **ден.** |

За надзор на градба на пругата Куманово-Бељаковци-Крива Паланка од вкупната вредност на проектот од 295,200,000ден., реализирани се средства во износ од 184,500,000 ден. средства обезбедени од Грант (ЕБОР) WBIF (100%), и 16,946,674 ден.средства од Заем Ебор (6,14%). Рок за реализација на проектот до 2026 година.

Во 2025 година е планирано да се реализираат 93,75 мил. од обезбеден заем од Ебор.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4. Експропријација на пруга Куманово-Бељаковци** | **Вредност на проектот** | **66,632,241** | **ден.** |
| | **Досегашна реализација** | **65,632,241** | **ден.** |
| | **Планирано 2025** | **1,000,000** | **ден.** |

За експропријација на пруга Куманово-Бељаковци искористени се 100% од вкупните средства за целосно завршување на процесот, а во 2025 година е планирано 1 милион денари.

Средствата се обезбедени од буџетската наменска сметка за експропријација.

Рок за реализација 2025година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5. Експропријација на пруга К.Паланка –граница со Р.Бугарија** | **Вредност на проектот** | **153,257,707** | **ден.** |
| | **Досегашна реализација** | **70,257,707** | **ден.** |
| | **Планирано 2025** | **43,000,000** | **ден.** |

За потребите за процесот на експропријација на пругата К.Паланка–граница со Р.Бугарија планирани средства се во износ од 43 милиони денари., средства обезбедени од буџетската наменска сметка за експропријација.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6. Изградба на железничката делница К.Паланка –граница со Р.Бугарија, во износ од 230,522,000денари (техничка помош )** | **Вредност на проектот Планирано 2025-2029** | **230,522,000** | **ден.** |
| | **Планирано за 2025 (Грант)** | **56,104,412** | **ден.** |

За техничка помош на Единицата за имплементација на проектот за изградба на делницата К.Паланка-гр. со Р.Бугарија обезбедени се средства од грант во износ од 230,522,000денари.

За 2025 година се планирани да се реализираат 56,1 милиони денари.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7. Реконструкција и надградба на постоечка траса со цел реализација на проект градски воз** | **Планирано за 2025 Буџет на Р.С.М** | **360,000,000** | **ден.** |

Проектот „Градски воз“ ќе воспостави локална железничка конекција за патнички сообраќај во Скопскиот регион и тоа на делниците: Миладиновци – Илинден – Маџари –

Скопје (20km), Скопје - Лисиче – Драчево – Јане Сандански – Зелениково (25km) и Скопје – Скопје Север – Ѓорче Петров – Волково (18km). Со воведувањето на „Градски воз“ се очекува граѓаните да се вратат на користење локален железнички превоз со што ќе се подобри ефикасноста на превоз на патници во Скопскиот регион и ќе се намали сообраќајниот метеж на територијата на Град Скопје, а истовремено ќе се намали и аерозагадувањето. Затоа е потребно да се изврши реконструкција на постоечките траси со цел реализација на Проектот.

За реализација на проект се предвидени 360 милиони денари средства обезбедени од буџетот на Р.С.Македонија.

## II. МЕХАНИЗАЦИЈА И ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8. Набавка на механизација за одржување на жел.инфраструктура** | **Вредност на набавката**<br><br>**Планирано 2025(исплата на аванс)** | **615.000.000**<br><br>**123,000,000** | **ден.** |

Механизацијата за одржување на железничката инфраструктура (тешките моторни дрезини и специјални градежни машини) е постара од 40 години , а во текот на нивната експлоатација се случуваат разни дефекти, кои неможат да се отстранат со оглед на тоа што се работи за замена на резервни делови кои веќе не се произведуваат. Затоа е потребна сукцесивна набавка на градежна механизација. Како дејност од јавен интерес железничката инфраструктура треба да обезбеди брз, редовен, безбеден и сигурен начин на одвивање на патнички и товарен железнички сообраќај. Тоа значи перманентно вложување во тековно и инвестиционо одржување на железничката инфраструктура, за што е потребно зголемување на мобилноста на вработените кои ги одржуваат пругите, пружните и електро-техничките постројки. Се планира набавка на три тешки моторни дрезини, машина за регулирање на колосек, машина за планирање на засторна призма, два грајфера патно/шинско возило и два мини багера со корпи за повеќе намени. Тоа ќе значи благовремено и квалитетно да се одговори на обврските за квалитетно одржување на железничката инфраструктура, намалување на трошоците и зголемување на ефикасноста во работењето. Вкупната проценета вредност на набавката изнесува 615.000.000 денари. Во текот на 2025 година по завршување на тендерската постапка и склучување на договор со избраниот економски оператор, ќе се исплати аванс во износ од 20% од вредноста на склучениот договор. Остатокот на средства ќе биде исплатен по испораката во текот на 2027 годинаЗа потребите на ЈП ЖРСМ Инфраструктура во 2025 година планирано е да се набави механизација и резервни делови за истата потребна за одржување на пругите во износ од 123 мил.ден. од буџетот на Р.С.Македонија.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9. Набавка на ситна механизација** | **Планирано 2025** | **2,500,000** | **ден.** |

За набавка на ситна механизација за потребите на подружницата за одржување на пруги планирани се 2,5 мил.ден. од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10. Набавка на возила** | **Планирано 2025** | **900,000** | **ден.** |

За набавка на возило за потребите на подружница ЕТП во 2025 година планирани се 0,9 мил.ден. од сопствени средства.

## III. ОПРЕМА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **11. Резервно напојување на електротехнички постројки** | **Планирано 2025** | **10,000,000** | **ден.** |

Резервно напојување во железнички станици е клучен систем кој обезбедува продолжување на снабдувањето со електрична енергија во случај на неочекувани прекини или дефекти во главниот извор на енергија. Железничките станици, како и целокупниот железнички систем, се од суштинско значење за транспортот. Резервното напојување обезбедува:

-Континуитет на сообраќајот

- безбедност и сигурност
- поддршка на патничките услуги
- одржување на комуникација и др.

За 2025 планирани се вкупно 10 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **12. Пренапонска заштита** | **Планирано 2025** | **2,000,000** | **ден.** |

Влечните подстаници сѐ клучни за обезбедување на електрична енергија за локомотивите и возовите. Опремата која се користи за преобразба на електричната енергија (како што се трансформатори, изправувачи, конвертори, и управувачки системи) е чувствителна на пренапони. Пренапонската заштита ја минимизира веројатноста за оштетување на овие скапи и сложени уреди.

За 2025 планирани се вкупно 2мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **13. Проширување на систем за видеонадзор** | **Планирано 2025** | **6,000,000** | **ден.** |

Проширување на видео надзорот во железницата е клучен аспект за зголемување на безбедноста, мониторингот и оперативната ефикасност во железничкиот систем. Видео надзорот е важен како за заштита на патниците, така и за подобрување на контролата врз инфраструктурата, вклучувајќи го транспортот на товар и патници. Проширувањето на видео надзорот во железничките станици, на возовите и во другите клучни области на железничката мрежа обезбедува многу предности:

- Зголемена безбедност
- Заштита на инфраструктурата
- Подобрен менаџмент на сообраќајот
- Поддршка на правниот процес и др.

Со еден збор, проширувањето на видео надзорот во железниците е важен чекор за зголемување на безбедноста, превенција на криминал, подобрување на сообраќајот и одржување на интегритетот на инфраструктурата.
За 2025 планирани се вкупно 6 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14. Информатичката опрема** | **Планирано 2025** | **3,300,000** | **ден.** |

Информатичката опрема и лиценците се важни за неколку клучни аспекти:

-Ефикасност и продуктивност

Квалитетна информатичка опрема овозможува брзо и ефективно работење. Компјутерите, серверите, мрежната инфраструктура и другите уреди се основа за функционирање на сите процеси во една организација и др.

Лиценците се важни заради обезбедување на:

- Заштита од правни последици
- Обезбедување на надградба и подршка
- Етичка одговорност

Во целина, информатичката опрема и лиценците се основа за ефикасно, безбедно и легално работење.
За 2025 планирани се вкупно 3,3 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **15. Безжичното поврзување на систем за преносни податоци** | **Планирано 2025** | **1,000,000** | **ден.** |

Безжичното поврзување во железницата е од голема важност за модернизацијата на железничките системи, како и за подобрување на безбедноста, ефикасноста и комуникацијата во железничката инфраструктура. Се користи во бројни области, од управување со сообраќајот, преку мониторирање на возови и станици, до комуникација помеѓу возовите и контролни центри. Безжичната технологија овозможува интеграција на различни системи и брзо и сигурно споделување на информации во реално време. За 2025 планирани се вкупно 1 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **16. Контакти за патни премини** | **Планирано 2025** | **1,000,000** | **ден.** |

Контактите за патни премини се клучни компоненти на безбедносните системи во железничките системи, бидејќи тие играат важна улога во заштитата на возилата и патниците кои преминуваат преку железничките премини. Патните премини, особено оние кои се сообраќајни преку железничките линии, се места на потенцијален ризик и можат да бидат извор на сериозни несреќи ако не се управуваат и контролираат правилно.
За 2025 планирани се вкупно 1 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **17. Електронско статички претворувачи** | **Планирано 2025** | **2,000,000** | **ден.** |

Електронско статички претворувачи се важни за автоматско управување со сигналите и блоковите на железничките пруги, како и за следење и контрола на возните правци, односно вршат конверзија на напојувањето за функционирањето различни железнички системи.

За 2025 планирани се вкупно 2 мил. денари обезбедени од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18. Набавка на УПС уреди** | **Планирано 2025** | **1,500,000** | **ден.** |

УПС системите се од суштинско значење за железничките мрежи и инфраструктурата, бидејќи обезбедуваат континуирано напојување во случај на прекини или нестабилности во снабдувањето со електрична енергија. Тие обезбедуваат безбедност, сигурност и непречено функционирање на системите за комуникација, сигнализација, контролирање на сообраќајот и електрична опрема, што е критично за безбедноста на патниците и ефикасноста на железничкиот сообраќај.

За 2025 планирани се вкупно 1,5 мил. денари од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **19.Прекинувачи 110[kV]/25 [kV]** | **Планирано 2025** | **4,000,000** | **ден.** |

Прекинувачите 110kV/25kV се критични за железничката и енергетската инфраструктура. Тие обезбедуваат безбедност, контрола на преносот на енергија и стабилност на системите со различни напонски нивоа. Нивната главна улога е да овозможат сигурно и брзо исклучување на дефектни делови на мрежата, како и да ги изолираат потенцијалните опасности, што помага во продолжување на безбедното и ефикасно функционирање на целокупниот железнички систем.

За 2025 планирани се вкупно 4 мил. денари од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **20. ИП телефонија и ИТ мрежа** | **Планирано 2025** | **2,000,000** | **ден.** |

Информациските технологии (ИТ) и инфраструктурата за комуникација (ИП) имаат клучна улога во современата железничка инфраструктура. Во контекст на железницата, ИТ и ИП мрежите се основа за ефикасно управување, безбедност и контрола, и тие овозможуваат модернизација на операциите на железничкиот систем.

Поддршка на безбедноста на железничкиот сообраќај, автоматизирано управување со сообраќајот, комуникација во реално време, поддршка на електричните и сигнализациските системи и др.

За 2025 планирани се вкупно 2 мил. денари од сопствени средства.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **21. Набавка на ваги** | **Планирано 2025** | **1,500,000** | **ден.** |

Набавката на ваги за потребите на подружниците ќе се реализира во 2025 година со планирани сопствени средства во износ од 1,5 мил. ден.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **22. Реконструкција на дел од станичен простор за музеј** | **Планирано 2025** | **600,000** | **ден.** |

За реконструкција на дел од станичен простор за музеј планирани се сопствени средства во износ од 0,6 мил. ден.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **23. Модернизација на автоматски пружен блок** | **Вредност на набавката**<br><br>**Планирано 2025** | **156,000,000**<br><br>**15,600,000** | **ден.** |

Автоматски пружен блок (АПБ) уредите на поголем број од делниците се постари од 30 години, зафатеноста на просторните отсеци се направени со шински струјни кола кои се одвоени со лепени состави, пригушници, напојни трафоа и релеа. Потрошувачката на енергија е голема, резервните делови не се произведуваат, а одржувањето е скапо. Наназад неколку години, зголемен е бројот на кражби на пригушници, што сериозно ја загрозува безбедноста на железничкиот сообраќај. Поради сето тоа потребно е нивна замена со бројачи на осовини со многу подобри параметри, енергетски ефикасни, поекономични за одржување, а од особена важност зголемена безбедност во сообраќајот. Во 2025 година е планирана исплата од 15,600,000 денари, а останатиот дел на износ од 140,400,000 денари се планирани да се исплатат во 2026 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **24. Надградба и модернизација на софтвер и хардвер на Телекоманда со потребна документација** | **Вредност на набавката**<br><br>**Планирано 2025** | **132,000,000**<br><br>**13,200,000** | **ден.** |

Системот за телекомуникациска команда (телекоманда) претставува клучен елемент во безбедното и ефикасно управување со железничкиот сообраќај. Постојната хардверска и софтверска инфраструктура е веќе застарена, со ограничени можности за интеграција со современи технолошки решенија и со зголемена веројатност за дефекти и застои.

Цели на надградбата

- Подобрување на безбедноста и сигурноста во железничкиот сообраќај.
- Намалување на застои поради технички дефекти.
- Автоматизација на процесите за мониторинг и управување.
- Зголемување на оперативната ефикасност и капацитет

Во 2025 година е планирана исплата од 13,200,000 денари, а останатиот дел на износ од 118,800,000 денари се планирани да се исплатат во 2026 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **25. Алтернативна мрежа за пренос на податоци на Коридор X и Коридор XД** | **Вредност на набавката**<br><br>**Планирано 2025** | **12,000,000**<br><br>**120,000** | **ден.** |

Оптичката мрежа претставува основен ресурс за пренос на податоци помеѓу хардверите и софтверите. Функционирањето на телекомандата е условено од постоењето на оптичката мрежа, односно без оптика се доведува во прашање контролирањето и управувањето на товарниот и патничкиот железнички сообраќај и е јадрото во безбедноста на железничкиот сообраќај. Од тие причини покрај примарната оптичка мрежа, од исклучителна важност е воспоставување на секундарна мрежа за трансфер

на податоци со цел зголемување на безбедноста во железничкиот сообраќај. Во 2025 година е планирана исплата од 1,200,000 денари, а останатиот дел на износ од 10,800,000 денари се планирани да се исплатат во 2026 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **26. Систем за евиденција на работно време** | **Планирано 2025** | **500,000** | **ден.** |

За системот за евиденција на работно време во 2025 година планирани се сопствени средства во износ од 0,5 мил. ден.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **27. Набавка на мерни инструменти** | **Планирано 2025** | **2,400,000** | **ден.** |

За набавка на мерни инструменти за потребите на подружниците планирани се сопствени средства во износ од 2,4 мил. ден.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **28. Останата опрема за железничка инфраструктура** | **Планирано 2025** | **3,200,000** | **ден.** |

За потребите на секторите во претпријатието планирана е набавка на клими 1.2 мил.ден, набавка на мебел и останата опрема за потребите на претпријатието обезбедеби од сопствени средства која треба да се реализира во 2025 година.

## IV. ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **29. Консултантски услуги проектирање, ревизија на проекти и елаборати за експропријација** | **Планирано 2025** | **41,000,000** | **ден.** |

За консултантски услуги за проектирање за мост Црна река, жел.ст.Скопје, ограда за мостови, поправка на хидрантна мрежа во ст.Скоје и Товарна, изградба на безбедносна зона од прв степен и слично, ревизија на проекти, физибилити студија за реализација на Проектит "Градски воз" консултански усуги за инфраструктурата и елаборати за експропријација за потребите на инфраструктурата планирани се 41 мил. денари од сопствени извори.

# ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА

# ОБРАЗЦИ ЗА ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА
2. БИЛАНС НА УСПЕХ
3. СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ
4. СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ
5. ПРЕГЛЕД НА КРЕДИТИ
6. ПРЕГЛЕД НА КВАРТАЛНИ ПОДАТОЦИ
7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

(во 000 ден.)

| Р. БР | 1. БИЛАНС НА СОСТОЈБА | проценка 31.12.2024 | заклучно со 31.03.2025 | заклучно со 30.06.2025 | заклучно со 30.09.2025 | заклучно со 31.12.2025 | План 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **АКТИВА** | | | | | | |
| **1** | Парични средства | 221,397 | 291,000 | 310,000 | 180,000 | 85,000 | 85,000 |
| **2** | Побарувања | 180,056 | 162,000 | 130,000 | 95,000 | 65,000 | 65,000 |
| **3** | Залихи | 338,743 | 325,000 | 340,000 | 325,000 | 330,000 | 330,000 |
| **3а** | Залихи кои се чуваат за продажба | 21,114 | | | | | |
| **4** | Краткорочни финансиски средства | 0 | | | | | 0 |
| **5** | Други тековни средства (АВР) | 10,474 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 |
| **6** | **Тековна актива** (1 + 2 + 3 + 4 + 5) | **771,784** | **788,000** | **790,000** | **610,000** | **490,000** | **490,000** |
| **7** | Материјални средства и вложувања во недвижности | 35,980,834 | 36,609,842 | 37,714,842 | 39,074,842 | 39,814,000 | **39,814,000** |
| **8** | Долгорочни финансиски вложувања | 0 | | | | | **0** |
| **9** | Нематеријални средства | 6,922 | 10,000 | 10,000 | 9,500 | 9,330 | 9,330 |
| **10** | Долгорочни финансиски средства | 33,353 | 29,966 | 29,966 | 29,966 | 29,966 | 29,966 |
| **11** | Други средства | | | | | | 0 |
| **12** | **Вкупна актива** (6 + 7 + 8 + 9 + 10 + 11 ) | **36,792,893** | **37,437,808** | **38,544,808** | **39,724,308** | **40,343,296** | **40,343,296** |
| **13** | Вонбилансна актива | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

(во 000 ден.)

| Р. БР | **ПАСИВА** (Обврски и Акционерски капитал) | **проценка 31.12.2024** | **заклучно со 31.03.2025** | **заклучно со 30.06.2025** | **заклучно со 30.09.2025** | **заклучно со 31.12.2025** | **План 31.12.2025** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **14** | Краткорочни обврски | 5,301,108 | 4,768,000 | 4,823,556 | 4,959,198 | 6,095,273 | 6,095,273 |
| **15** | Одложено плаќање на трошоци и приходи (ПВР) | 3,943,502 | 4,363,578 | 4,883,000 | 5,492,000 | 5,823,000 | 5,823,000 |
| **16** | **Тековни обврски** (14+15) | **9,244,610** | **9,131,578** | **9,706,556** | **10,451,198** | **11,918,273** | **11,918,273** |
| **17** | Долгорочни обврски | 2,545,490 | 3,369,490 | 3,970,000 | 4,490,000 | 3,790,000 | 3,790,000 |
| **18** | Други долгорочни обврски и резервирања за ризици и трошоци | 30,622 | 30,753 | 30,753 | 30,753 | 30,753 | 30,753 |
| **19** | **Нетековни обврски** (17+18) | **2,576,112** | **3,400,243** | **4,000,753** | **4,520,753** | **3,820,753** | **3,820,753** |
| **20** | **Обврски** (16+19) | **11,820,722** | **12,531,821** | **13,707,309** | **14,971,951** | **15,739,026** | **15,739,026** |
| **21** | Капитал | 29,720,533 | 29,720,533 | 29,720,533 | 29,720,533 | 29,720,533 | 29,720,533 |
| **22** | Акумулирана добивка | -4,536,122 | -4,748,362 | -4,748,362 | -4,748,362 | -4,748,362 | -4,748,362 |
| **23** | Резерви | | | | | | |
| **24** | Ревалоризациони резерви | | | | | | |
| **25** | Добивка/ Загуба за деловната година | -212,240 | -66,184 | -134,672 | -219,814 | -367,901 | -367,901 |
| **26** | **Вкупен капитал** (21+22+23+24+25) | **24,972,171** | **24,905,987** | **24,837,499** | **24,752,357** | **24,604,270** | **24,604,270** |
| **27** | **Вкупно Обврски и капитал** (20+26) | **36,792,893** | **37,437,808** | **38,544,808** | **39,724,308** | **40,343,296** | **40,343,296** |
| **28** | Вонбилансна пасива | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 | 73,440 |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

| | БИЛАНС НА УСПЕХ | План 2025 | планирано 1 квартал | планирано 2 квартал | планирано 3 квартал | планирано 4 квартал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 29 | Приходи од продажба | 445,706 | 107,750 | 109,300 | 110,350 | 118,306 |
| 30 | Останати оперативни приходи | 876,600 | 132,500 | 187,100 | 200,500 | 356,500 |
| 31 | **Вкупно оперативни приходи** (29+30) | **1,322,306** | **240,250** | **296,400** | **310,850** | **474,806** |
| 32 | Потрошени суровини и материјали | 172,754 | 33,000 | 34,000 | 50,000 | 55,754 |
| 33 | Трошоци за вработените | 614,893 | 142,234 | 154,588 | 155,692 | 162,379 |
| 34 | Амортизација на материјални средства | 550,000 | 115,000 | 140,000 | 140,000 | 155,000 |
| 35 | Вредносно усогласување на тековни средства | | | | | |
| 36 | Набавна вредност на продадени стоки | | | | | |
| 37 | Останати оперативни расходи | 331,060 | 16,700 | 30,300 | 50,800 | 233,260 |
| 38 | **Вкупно оперативни расходи** (32+33+34+35+36+37) | **1,668,707** | **306,934** | **358,888** | **396,492** | **606,393** |
| 39 | **Добивка од оперативно работење** (31-38) | **-346,401** | **-66,684** | **-62,488** | **-85,642** | **-131,587** |
| 40 | Приходи од финансирање | 4,500 | 1,000 | 1,000 | 1,000 | 1,500 |
| 41 | Расходи од финансирање | 26,000 | 500 | 7,000 | 500 | 18,000 |
| 42 | **Добивка пред оданочување** (39+40-41) | **-367,901** | **-66,184** | **-68,488** | **-85,142** | **-148,087** |
| 43 | Данок на добивка | | | | | |
| 44 | **Нето добивка / загуба** | **-367,901** | **-66,184** | **-68,488** | **-85,142** | **-148,087** |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

(во 000 ден.)

| | СПЕЦИФИРАНИ ПРИХОДИ | Проценка 31.12.2024 | План 2025 | Квартал 1 | | | | Квартал 2 | | | | Квартал 3 | | | | Квартал 4 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 |
| | **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1 | **Приходи од надомест на кор. на жел. инфраструктура** | **246,686** | **397,406** | **96,500** | | **57,074** | | **98,000** | | **62,829** | | **99,000** | | **62,783** | | **103,906** | | **64,000** |
| 2 | **Приходи од извршени услуги** | **15,804** | **17,300** | **4,250** | | **3,495** | | **4,300** | | **3,711** | | **4,350** | | **3,798** | | **4,400** | | **4,800** |
| 2.1 | Одржување на инд. колосек и др. | 3,296 | 3,500 | 800 | | 497 | | 850 | | 569 | | 900 | | 730 | | 950 | | 1,500 |
| 2.2 | Рефактурање и др.услуги | 4,613 | 4,800 | 1,200 | | 1,103 | | 1,200 | | 1,137 | | 1,200 | | 1,073 | | 1,200 | | 1,300 |
| 2.3 | Користење на мултимодален терминал | 7,895 | 9,000 | 2,250 | | 1,895 | | 2,250 | | 2,005 | | 2,250 | | 1,995 | | 2,250 | | 2,000 |
| 3 | **Приходи од наемнини** | **19,306** | **23,000** | 5,000 | | 4,121 | | 5,000 | | 4,540 | | 5,000 | | 5,245 | | 8,000 | | 5,400 |
| 4 | **Закупнина на оптички кабел** | **6,584** | **8,000** | 2,000 | | 1,646 | | 2,000 | | 1,646 | | 2,000 | | 1,646 | | 2,000 | | 1,646 |
| 5 | **ВКУПНО ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА** | **288,380** | **445,706** | **107,750** | | **66,336** | | **109,300** | | **72,726** | | **110,350** | | **73,472** | | **118,306** | | **75,846** |
| | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | **Приходи од буџет (за одрж. на жел.инфраструктура)** | **507,997** | **480,000** | **95,000** | | **92,554** | | **140,000** | | **113,431** | | **140,000** | | **99,128** | | **105,000** | | **202,884** |
| 7 | Приходи од буџет за рехабилитација на дел од пруга Кор-10 | **0** | **200,000** | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **200,000** | | **0** |
| 8 | **Вграден материјал набавен од буџ.средства од мин. год.** | **24,199** | **16,600** | **6,000** | | **9,921** | | **10,600** | | **9,984** | | **3,000** | | **1,024** | | **-3,000** | | **3,270** |
| 9 | **Приходи од прод.на стари материјали** | **0** | **35,000** | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **20,000** | | **0** | | **15,000** | | **0** |
| 10 | **Приходи од вграден материјал за ремонт** | **0** | **0** | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** |
| 11 | **Приходи од буџет за извршени услуги за одржување на ПП** | **984** | **5,000** | **500** | | **0** | | **2,500** | | **1,969** | | **2,500** | | **-985** | | **-500** | | **0** |
| 12 | **Останати деловни приходи** | **194,406** | **140,000** | **31,000** | | **463** | | **34,000** | | **58,476** | | **35,000** | | **5,467** | | **40,000** | | **130,000** |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВКУПНО ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 727,586 | 876,600 | 132,500 | | 102,938 | | 187,100 | | 183,860 | | 200,500 | | 104,634 | | 356,500 | | 336,154 |
| | ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | 1,015,966 | 1,322,306 | 240,250 | | 169,274 | | 296,400 | | 256,586 | | 310,850 | | 178,106 | | 474,806 | | 412,000 |
| 13 | Финансиски приходи (камати,курсни р.) | 33,830 | 4,500 | 1,000 | | 808 | | 1,000 | | 27,565 | | 1,000 | | 1,257 | | 1,500 | | 4,200 |
| | ВКУПНИ ПРИХОДИ | 1,049,796 | 1,326,806 | 241,250 | | 170,082 | | 297,400 | | 284,151 | | 311,850 | | 179,363 | | 476,306 | | 416,200 |

| | СПЕЦИФИРАНИ РАСХОДИ | Проценка 31.12.2024 | План 2025 | Квартал 1 | | | | Квартал 2 | | | | Квартал 3 | | | | Квартал 4 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/ Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/ Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | План/ Реал 2025 | План 2025 | Реализација 2025 | Реализација 2024 | Пл Р 2 |
| | **РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 16 | **Трошоци за материјали и резервни делови** | **68,881** | **110,754** | **15,000** | | **34,259** | | **22,000** | | **16,750** | | **38,000** | | **3,872** | | **35,754** | | **14,000** | |
| 17 | **Трошоци за енергија** | **52,965** | **62,000** | **18,000** | | **14,787** | | **12,000** | | **11,584** | | **12,000** | | **9,594** | | **20,000** | | **17,000** | |
| 18 | **Услуги за тековно и инвестиционо одржување** | **48,922** | **46,200** | **2,500** | | **13,285** | | **10,000** | | **29,773** | | **23,000** | | **864** | | **10,700** | | **5,000** | |
| 19 | **Услуги од други** | **21,832** | **42,360** | **6,000** | | **3,946** | | **12,000** | | **5,728** | | **17,000** | | **5,658** | | **7,360** | | **6,500** | |
| 20 | **Авторски договори** | **2,346** | **5,000** | **1,200** | | **621** | | **1,200** | | **1,043** | | **1,200** | | **322** | | **1,400** | | **360** | |
| 21 | **Трошоци за рехабилитација на дел од пруга Кор-10** | **0** | **200,000** | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **200,000** | | **0** | |
| 22 | **Такси и членарини** | **4,800** | **4,500** | **1,000** | | **871** | | **1,100** | | **375** | | **1,300** | | **922** | | **1,100** | | **2,632** | |
| 23 | **Нематеријални трошоци** | **19,981** | **23,000** | **5,500** | | **2,650** | | **5,500** | | **4,187** | | **7,500** | | **3,804** | | **4,500** | | **9,340** | |
| 24 | **Амортизација** | **455,027** | **550,000** | **115,000** | | **111,527** | | **140,000** | | **110,889** | | **140,000** | | **112,611** | | **155,000** | | **120,000** | |
| 25 | **ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ** | **553,489** | **614,893** | **142,234** | | **130,691** | | **154,588** | | **141,428** | | **155,692** | | **131,955** | | **162,379** | | **149,415** | |
| 25.1 | Бруто плати | 525,179 | 584,393 | 137,234 | | 127,275 | | 149,588 | | 135,881 | | 150,692 | | 128,108 | | 146,879 | | 133,915 | |
| 25.2 | Надоместоци на вработени | 24,516 | 26,500 | 4,000 | | 2,655 | | 4,000 | | 4,787 | | 4,000 | | 3,074 | | 14,500 | | 14,000 | |
| 25.3 | Останати трошоци за вработени | 3,794 | 4,000 | 1,000 | | 761 | | 1,000 | | 760 | | 1,000 | | 773 | | 1,000 | | 1,500 | |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ОД ДЕЈНОСТА** | **1,228,243** | **1,658,707** | **306,434** | | **312,637** | | **358,388** | | **321,757** | | **395,692** | | **269,602** | | **598,193** | | **324,247** | |
| | **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 26 | **Други нередовни трошоци** (вонр.расходи,штети и резервирања,јубилејни,отпремнини) | **12,687** | **10,000** | **500** | | **1,455** | | **500** | | **613** | | **800** | | **160** | | **8,200** | | **10,459** | |
| | **ВКУПНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **1,240,930** | **1,668,707** | **306,934** | | **314,092** | | **358,888** | | **322,370** | | **396,492** | | **269,762** | | **606,393** | | **334,706** | |
| 27 | **Расходи на финансирање – камати и курсни разлики** | **21,106** | **26,000** | **500** | | **130** | | **7,000** | | **8,646** | | **500** | | **330** | | **18,000** | | **12,000** | |
| | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1,262,036** | **1,694,707** | **307,434** | | **314,222** | | **365,888** | | **331,016** | | **396,992** | | **270,092** | | **624,393** | | **346,706** | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 28 | **Трошоци за плати и придонеси** | **525,179** | **584,393** | **137,234** | | **127,275** | | **149,588** | | **135,881** | | **150,692** | | **128,108** | | **146,879** | | **133,915** | |
| 29 | **Просечен број на вработени** | | | **807** | | **816** | | **823** | | **797** | | **825** | | **779** | | **814** | | **813** | |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

## РЕКАПИТУЛАР НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**Во текот на 2025 година реализацијата на вкупните приходи ќе ги покрие вкупните расходи со исклучок на влијанието на трошокот на амортизација.**

| Р. Бр. | Опис | Проценка 31.12.2024 | План 2025 | План 2025 / проценка* 100 | структурна анализа |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1,049,796** | **1,326,806** | **118.77** | **100.00** |
| 1.1 | **Приходи од надомест на користење на жел. инфраструктура** | **246,686** | **397,406** | **161.10** | **31.87** |
| 1.2 | **Други деловни приходи** | **41,694** | **48,300** | **115.84** | **3.87** |
| а | **приходи од извршени услуги** | **15,804** | **17,300** | **109.47** | **1.39** |
| | индустриски колосек и др. | 3,296 | 3,500 | 106.19 | |
| | др.услуги рефактурирање | 4,613 | 4,800 | 104.05 | |
| | користење на мултимодален терминал | 7,895 | 9,000 | 114.00 | |
| б | **приходи од наемнини** | **19,306** | **23,000** | **119.13** | **1.84** |
| в | **закупнина на оптички кабел** | **6,584** | **8,000** | **121.51** | **0.64** |
| 1.3 | **ПРИХОДИ ОД БУЏЕТ** | **507,997** | **680,000** | **118.11** | **48.12** |
| 1.3.1 | Приходи од буџет (за одржување на жел.инфраструктура) | 507,997 | 480,000 | 94.49 | **38.50** |
| 1.3.2 | Приходи од буџет за рехабилитација на дел од пруга Кор-10 | | 200,000 | | **9.62** |
| 1.4 | **Вграден материјал набавен од буџ.средства од мин.год.** | **24,199** | **16,600** | **68.60** | **1.33** |
| 1.5 | **Приходи од прод.на стари материјали** | | **35,000** | | **2.81** |
| 1.6 | **Приходи од извршени услуги за одржување на ПП** | **984** | **5,000** | **508.13** | **0.40** |
| 1.7 | **Останати деловни приходи** | **194,406** | **140,000** | **72.01** | **11.23** |
| 1.8 | **Финансиски приходи (камати,курсни р.)** | **33,830** | **4,500** | **13.30** | **0.36** |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1,262,036** | **1,694,707** | **127.94** | **100.00** |
| 2.1 | **Трошоци за материјали и резервни делови** | **68,881** | **110,754** | **161.59** | **6.86** |
| 2.2 | **Трошоци за енергија** | **52,965** | **62,000** | **117.06** | **3.84** |
| 2.3 | **Услуги за тековно и инвестиционо одржување** | **48,922** | **46,200** | **94.44** | **2.86** |
| 2.4 | **Услуги од други** | **21,832** | **42,360** | **194.03** | **2.62** |
| 2.5 | **Авторски договори и договор на дело** | **2,346** | **5,000** | **213.13** | **0.31** |
| 2.6 | **Трошоци за рехабилитација на дел од пруга Кор-10** | | **200,000** | | **7.43** |
| 2.7 | **Трошоци за вработени** | **553,489** | **614,893** | **111.09** | **38.08** |
| 2.7.1 | Бруто плати<br>- Вработени на неопределено<br>- Вработени на определено време (АПВ) | 525,179 | 584,393<br>(576,455<br>7,938) | 111.28 | 36.19 |
| 2.7.2 | Надоместоци на вработени | 24,516 | 26,500 | 108.09 | 1.64 |
| 2.7.3 | Останати трошоци за вработени | 3,794 | 4,000 | 105.43 | 0.25 |
| 2.8 | **Такси и членарини** | **4,800** | **4,500** | **93.75** | **0.28** |
| 2.9 | **Нематеријални трошоци** | **19,981** | **23,000** | **115.11** | **1.42** |
| 2.10 | **Други нередовни трошоци** (вонр.расходи,штети и резервирања јубилејни,отпремнини) | **12,687** | **10,000** | **78.82** | **0.62** |
| 2.11 | **Амортизација** | **455,027** | **550,000** | **120.87** | **34.06** |
| 2.12 | **Расходи на финансирање – камати и курсни разлики** | **21,106** | **26,000** | **123.19** | **1.61** |
| 3 | **ЗАГУБА** | **-212,240** | **-367,901** | **173.34** | **22.78** |
| 3.1 | **Данок на добивка ( непризнати расходи)** | | | | |
| 3.2 | **Загуба по оданочување** | | | | |
| 3.3 | **ЗАГУБА/ДОБИВКА (со исклучен трошок за амортизација)** | **242,787** | **182,099** | **75.00** | **11.28** |
| 3.3а | **ЗАГУБА/ДОБИВКА (со исклучен трошок за амортизација плус грантовска амортизација)** | **365,574** | **244,198** | **50.57** | **3.85** |

# БИЗНИС ПЛАН ЗА 2025 ГОДИНА

Во 2025 година Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје ќе оствари вкупен приход во износ од **1,326,80 милиони денари** кој ќе биде за 26,4% зголемен во однос на 2024 година,

1.1 Приходите од надомест од користење на железничката инфраструктура во износ од **397,41 милиони ден.** учествуваат со 31,9% во вкупните приходи.
Надоместокот за користење на железничката инфраструктура во 2025 година ќе се пресметува и наплатува по тарифата за минимален пакет на услуги и дополнителни и помошни услуги донесена со одлука на Управен Одбор согласно прифатената методологија изработена од страна на консултантската куќа Реалистик.

**(во 000 ден)**

| | ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД НАПЛАТА НА ПРИСТАП КОН ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО 2025 ГОД. | Патнички сообраќај | Товарен сообраќај | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1 | МИНИМАЛЕН ПАКЕТ НА УСЛУГИ | 180,842,937.60 | 153,328,608.36 | 334,171,545.96 |
| 2 | МПУ ЗА ЛОКОМОТИВСКИ ВОЗОВИ | | 5,234,681.92 | 5,234,681.92 |
| 3 | Резервации и неискористени траси од МПУ | | | 0.00 |
| 4 | Резервации и неискористени локомотивски од МПУ | | | 0.00 |
| 5 | Вкупно ( 1+2+3+4) | **180,842,937.60** | **158,563,290.28** | **339,406,227.88** |
| 6 | ДРУГИ УСЛУГИ* | 20,000,000.00 | 38,000,000.00 | 58,000,000.00 |
| 7 | ВКУПНО (5+6) | **200,842,937.00** | **196,563,290.00** | **397,406,227.00** |

***) Користење на услужни објекти, дополнителни и помошни услуги**

Во текот на 2025 година се предвидува зголемување на приходите од надомест од користење на железничката инфраструктура . Земајќи ги во предвид извршените нарачки на траси од страна на железничкиот превозник ЖРСМ Транспорт АД Скопје, за 2025 година во однос на реализираната 2024 година се очекува подобрување во патничкиот сообраќај и зголемување на обемот на сообраќај во товарниот сообраќај.

1.2 Другите деловни приходи во износ од **48,3 мил.ден** кои ќе се зголемат за 15,8%, вклучуваат:
а) приходи од извршени услуги во износ од 17,3 мил.ден во кои се вклучени:
-приходи од одржување на индустриски колосеци, издавање на услови за изработка на техничка документација и сл. во износ од 3,5 мил.ден.,
-рефактурирање на режиски трошоци, , и други услуги во износ од 4,8 мил.ден.,
-приходи од користење на мултимодалниот цармински терминал 9 мил.ден.,

б) приходи од издавање на деловен простор 23 мил.ден.,
в) приходи од издавање под закуп на оптички влакна (пасивна оптичка мрежа ) и капацитети во износ од 8 мил.ден.

1.3 Согласно член 118 од Законот за железнички систем средствата за финансирање на постојната железничка инфраструктура се обезбедуваат покрај од други извори и од Буџетот на Р.С. Македонија.

Согласно годишната програма за финансирање во железничката инфраструктура во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година се обезбедени 1 193 милиони денари. од кои во приходите влегуваат 600 мил.ден и тоа:
-за одржување на железничката инфраструктура 480 мил.ден.
-средства за рехабилитација на дел од пруга Коридор-10 во износ од 200 мил.ден
Останати средства обезбедени во Буџетот вклучуваат
-инвестиции во железничката инфраструктура и тоа 360 мил.денари за реконструкција на постоечката траса со цел реализација на Проектот градски воз, 123 мил. денари средства за исплата на аванс за набавка на специјална механизација за одржување на железничката инфраструктура(вкупната проценета вредност на набавката е 615 мил.ден), како и инвестиции за модернизација на автоматски пружен блок (АПБ) уреди – во 2025 година планиран износ од 15.6 мил. денари( вкупна проценета вредност на набавката е 156 мил. денари), Надградба и модернизација на софтвер и хардвер на Телекоманда со потребна документација – во 2025 година планиран износ од 13.2 мил. денари ( вкупна проценета вредност на набавката е 132 мил. денари) и Алтернативна мрежа за пренос на податоци на Коридор X и Коридор XД со потребна документација – во 2025 година планиран износ од 1.2 мил. денари ( вкупна проценета вредност на набавката е 12 мил. денари)

1.4 Во 2025 година во приходот е вкалкулиран износ од **16,6 мил.ден.** за вредноста на материјалот набавен со буџетски средства од минати година, истите ќе бидат вградени во 2025 година.

1.5 Приходи од продажба на стари материјали, неупотребливи шини, колосечен прибор и др.во износ од **35 мил.ден.**

1.6 Приходи од одржување на патни премини **5мил.ден.** се приходи од рефактурирање на општините за направениот трошок за одржување и за замена на горниот строј со елементи од рециклирана гума (согласно со член 53 став 3 од Законот за железнички систем).

1.7 Останатиот приход што се планира е во висина од **140 мил.ден**. од кои најголем дел се приходи кои според МСС стандардите за делот на годишна амортизација на активираните основни средства добиени како Грант или од буџетски средства се пресметува соодветно и приход за истите.

1.8 Финансиските приходи (затезни камати и курсни разлики) се планирани во износ од **4,5 мил.ден.**

**Во 2025 година за железничката инфраструктура ќе направи вкупни расходи во износ од 1,694,71 мил.ден** кои ќе бидат за 34,28% зголемени во однос на 2024 година, воглавном заради зголемениот трошок на директен матерјал потребен за одржување на инфраструктурата и реализација на рехабилитацијата на дел од делници на кор.10 со критични брзини од 20 км/час .

**2.1 Трошоците за материјали и резервни делови во износ од 110,75 мил.ден. се** минимум директни материјали кои ќе се потрошат за тековно и инвестиционо одржување во текот на годината, а е во зависност од расположивите финансиски средства и со големи напори да не се доведе во прашање безбедноста во сообраќајот. Потребниот директен материјал кој е потребен за одржување на инфраструктурата (одржување на пруги и ЕТ постројки) е многу поголем од предвидениот.

**Трошоците за материјали и резервни делови (во 000 ден.)**

| I | Материјали за одржување на пруга | вкупно потрошен материјал и резервни делови | Нови набавки на материјали |
|---|---|---|---|
| | | **75,254** | **81,600** |
| 1 | Шини разни | 14,000 | 25,000 |
| 2 | Прагови | 26,000 | 30,000 |
| 3 | Гумени елементи за патни премини | 5,000 | |
| 4 | Термит и изолирани лепени состави | 8,000 | 6,000 |
| 5 | Свртнички делови | 9,000 | 10,000 |
| 6 | Колосечен прибор | 5,000 | 3,000 |
| 7 | Толчаник | 4,000 | 4,000 |
| 8 | Средство за уништување на вегетација | 3,654 | 3,000 |
| 9 | друго | 600 | 600 |
| **II** | **Материјали за одржување на ЕТ постројки** | **18,000** | **21,300** |
| 1 | материјали за сигнално сигурносни уреди | 7,700 | 8,100 |
| 2 | материјали за телекумуникациски уреди | 200 | 200 |
| 3 | материјали за електровлеча | 2,100 | 2,100 |
| 4 | материјали за телекоманда | | 1,000 |
| 5 | електро материјали | 8,000 | 9,000 |
| 6 | друго ЕТП | | 900 |
| **III** | **Резервни делови за механизација (ситна и крупна)** | **5,500** | **5,500** |
| **IV** | **Останати материјали ЈП ЖРСМ** | **6,000** | **10,000** |
| **V** | **ХТЗ (отпис на ситен инвентар)** | **6,000** | **8,300** |
| | **ВКУПНО** | **110,754** | **126,700** |

Замената на истрошените елементи е неопходна во процесот на континуирано одржување на пругите. Дел од материјалот т.е 110,75 мил.ден. ќе биде обезбеден од залихата од набавен материјал од претходните години (од нив 33 мил.ден. ќе биде потрошен материјал од залиха од минати години од кои 16,6 мил.ден е набавен од буџетски средства од минатата година).

**2.2 Трошоци за енергија** во износ од **62 мил.ден**. вклучуваат трошоци за електрична (40 мил.ден. и 5 мил.ден. за пренос) и топлотна енергија (2 мил.ден.), потрошена нафта за дрезини, шински и друмски возила, бензин и слично (15 мил.ден.)

**2.3 Услуги за тековно и инвестиционо одржување** во 2025 година се планирани во износ од **46,2 мил.ден.**

Планирано е:

1. Сервисирање на дрезини 10 мил ден.,
2. Одржување на дизел агрегати 7 мил.ден.,
3. Сервисирање на долен строј на железнички возила 0,6 мил.ден.,
4. Ревизија на железнички возила и вагони 10 мил ден.,
5. Сервисирање на возила и железничка механизација 7 мил.ден.,
6. Сервисирање на трансформатори, генератори 2 мил.ден.,
7. Ревизија на трафостаници и ЕВП 2 мил.ден.,
8. Одржување на ИП и ИТ, софтвер, материјално финансово, телекоманда, мултиплекс уреди, безжични врски, систем за известување на патници 4,5мил.ден.,
9. Одржување на ваги, рампи, пумпи, лифтови, ескалатори, парно греење, хидранти, фискални апарати, 2,1 мил.ден.,
10. Друго (одржување на клима уреди и други тековни одржувања) 1 мил.ден.,

**2.4 Услуги од други** во износ од **42,36 мил.ден**. вклучуваат:

1. Испитување мостови носивост и стабилност 5 мил.ден.,
2. Чистење на железнички станици во износ од 0,5 мил.ден.,
3. Проценка на недвижни и движни ствари 3 мил.ден.,
4. Елаборати катастарски и за заштита од пожар 3,09 мил.ден.,
5. Мерење на бучава 0,17 мил.ден.,
6. Печатење 0,7 мил.ден.,
7. Собирање и уништување на стари прагови 6 мил.ден.,
8. Услуги за влеча на воз 0,6 мил.ден.,
9. Мерење и испитување на громобранско заземјување и заштитна опрема за работа на контактна мрежа 0,5 мил.ден.,
10. Агенција за обезбедување на железнички објекти 5 мил.ден.,
11. Проценка на ризик на работни места 1,1 мил.ден.,
